Петре Т. ГЕОРГИЕВСКИ

# АНРИ МАНДРАС – СОЦИОЛОГОТ ИСТРАЖУВАЧ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ПРОМЕНА

## Пригоден текст по повод тригодишнината од смртта на Анри Мандрас


## АПСТРАКТ

Во овој прилог се следи социолошката маршрута на Анри Мандр педесеттите години на минатиот век, кога тој го реализирал својот студ престој на Универзитетот во Чикаго, каде што потемелно се запозна класичните социолози и со новите теориски струења во социологијат теренска работа и со моделот на професијата социолог. Престојс искористил за тримесечно проучување на едно мормонско село во Јута подоцна со враќањето во Франција го компарирал со проучувањет селото Руерг. Овие проучувања ја овозможија скицата за неговите **Крајот на селаните** (1967) и **Селските општества** (1967), каде што во ц рот на проучување ги става промените и трансформацијата на селс општества и на милениумската селска цивилизација. На тој начин тој с основач на руралната социологија во Франција. Потоа, тој се свртуі проучувањето на промените на француското општество во пери 1965-1984 година, како и на промените на западната европска цивилиза Тој е истражувач на општествените структури и на општествената ; мика. Оттука и неговата социолошка постапка претежно е холистичка глобалистичка (или „глобализирачка", како што самиот ја означува заснована врз компаративна анализа и идеал-типската постапка и со и нување на специфичнаоста и на разликите на испитуваните феномени.


Анри Мандрас (Henri Mendras) е еден од мошне влијател социолози не само во Франција туку и пошироко во Европа и све Неговата социолошка маршрута е мошне интересна и во оваа пр да може да се прикаже само во груби црти, и тоа: 1) преку биог ските податоци и хронологијата на неговите дела и 2) преку еде неговите последни интевјуа што го даде за списанието *Науки з векот* (*Sciences Humaines*, No. 76, octobre, 1997) речиси веднаш по вувањето на неговата книга *Европа на Европејците* (1997) што лосно се praместува во овој број на списанието *Социолошка ревиј*

А. Мандрас е роден во 1927 год., а умре на 5 ноември 2003 Потекнува од буржоаско семејство од провинција, одамна насе во Лозер (Lozere) и во Авејрон (Aveyron), чиј татко бил некон

мистички службеник. Тој бил студент на Сорбона, но и на Институтот за политички науки во Париз каде што ја следел наставата кај Жорж Гурвич, Габриел Ле Бра, Жорж Фридман, Жан Стоцел и др. Тука тој се сретнал и станал близок со студентите од неговата генерација кои подоцна и станале познати социолози, меѓу кои биле: Ерик де Дампиер, Мишел Крозие, Жан-Даниел Рејно, Ален Турен. По завршувањето на студиите, во 1949 година се вработил во *Центарот на социолошки проучувања*, создаден од Жорж Гурвич и потоа предводен од Жорж Фридман. Особено бил воодушевен од предавањата и од делото на Жорж Фридман, кој не само што извршил силно влијание врз социолошката ориентација на А. Мандрас туку и врз неговиот генерациски сопатник Ален Турен. На почетокот на педесеттите години на минатиот век, А. Мандрас добил Фулбрајтова стипендија и престојувал на Универзитетот во Чикаго. Таму тој бил ученик на Едвардс Бенфилд и на Дејвид Рисман. Тука тој имал можност три месеци да проучува едно модерно село на мормонските селани во државата Јута (Utah). На тој начин, се реализирал неговиот интерес за истражување на селанството што го имал уште пред да ја добие Фулбрајтовата стипендија и што бил различен од оној на Ален Турен кој бил насочен кон истражување на работништвото и речиси доминантен во социолошките истражувања во тоа време во Франција. По студискиот престој на универзитетите во САД и по враќањето во Франција, тој го насочил своето истражување на едно недоволно развиено село Руерг (Le Rouergue), село на неговите претци, од што ќе произлезе монографија. Од овие две проучувања на мормонското село во Јута и на селото Руерг ќе се создаде Мандрасовата скица на тезите што ги разви во подоцнежните негови трудови, пред сè во *Крајот на селаните* (1967) и во *Селските општества* (1976). Тука можат да се бараат корените на создавањето на руралната социологија во Франција, чиј основач, без сомнение, е Анри Мандрас.

Студискиот прстој на Анри Мандрас на универзитетите во САД има пошироко значење за оформувањето на неговата професија социолог и особено социолог-истражувач. Тој бил *воодушевен* од американските универзитети. Пред сè, за одбележување се три карактеристики на овие универзитети, посебно на Чикашкиот, каде што беше создадена и развиена познатата чикашка социолошка школа: 1) темелното проучување на класичните социолози и новите социолошки теориски сфаќања; 2) теренската работа, односно теренското истражување и 3) моделот на професијата социолог. Во однос на првата карактеристика, тој самиот во едно интервју[1] изјаву-

---

[1] Mendras H., „Comment j'ai recontré Durkheim" (Entreiten avec Henri Mendras), en: *La ...ciologie et sa méthode (sous la direction de M. Borlandie et L. Mucchielli)*, L' Harmattan, ...ris 1995, pp. 401-405.

за дека Институтот за политички науки, каде што тој студирал пред заминувањето на студиски престој на Универзитетот во Чикаго, Емил Диркем бил непознат. Тоа беше парадоксално, но вистината за Диркем ја открил во Чикаго на почетокот од 50-тите години, кој бил многу читан заедно со Макс Вебер и Парето, особено по објавувањето на книгата на Т. Парсонс *Структурата на општествената акција* (1937). Во Франција во овој период Диркемовата социологија била запоставена. Запознавањето со делото на Диркем и средбите со Роберт К. Мертон влијаат врз неговиот *пристап* во социолошките истражувања. Тој пристап претежно е холистички, односно структуралистички, и тоа не од Парсонсов, колку од Мертонов тип. Современите социолози, според А. Мандрас, не треба да тргнуваат од големите (апстрактни) теории, туку тие треба да се ограничат на сфаќање на одреден збир на факти и тргнувајќи од нив може да се изгради ограничена теорија од среден ранг, како што кажува Мертон.[2] Мертон го потикнувал интересот на Мандрас за теориската социологија, како и врз неговата ориентација кон општ социолог, не специјалист за одредена посебна социологија, како што и сам Мандрас тоа го нагласува во интервјуто што се креће по оваа статија. Како што за Мертон било најзначајно проучувањето на различните социолошки предмети, така и за Мандрас било најзначајно да го проучува општеството, било да се работи за селото, француското општество или за европската цивилизација „во неговата глобалност“, односно настојувал да го разбере соодносот на различните димензии во проучуваното општество: религиозната, социјалната, културната, производствената. Мандрас е приврзеник на пристапот дека општеството ја произведува индивидуата, а тоа е својство и на селското општество што го одредува селанецот. Тој во својата книга *Селските општества (1976)* експлицитно го изразува овој пристап на следниот начин: *За социологот, како и за античкиот филозоф, градот ги прави граѓаните; човекот постои само во општеството. Ако општеството се трансформира или дезагрегира, човекот исто така се трансформира или дезагрегира: селанецот, значи, не ќе го преживее демонтирањето на селското општество и автаркијата на домаќинството* (A. Mandras, 2001: 13). Тоа, исто така значи дека со проучувањето на селските општества и нивната различност се анализира и промената. На тој начин, за руралниот социолог терминот *селанец* (или селски општества) не е едноставен генерички термин, одредувајќи еден начин на специфично функционирање, тој термин фак-

---

[2] Мандра А., *Основи социологије*, ЦИД, Универзитет Црне Горе, Подгорица 2001, стр. 13.

гички е фундаментален концепт за проучување на трансформациите (промените) на земјоделствотото, на руралниот свет и пошироко на глобалното општество.

Со престојот на Универзитетот во Чикаго, како и на други универзитети во САД, А. Мандрас бил воодушевен и истовремено инспириран од конкретната теренска истражувачка работа на поголем дел од американските социолози, сфаќајќи дека без неа социолозите само спекулираат и не можат да ги објаснат и да ги разберат различните начини на живот на луѓето и нивните промени. Тргнувајќи од ова, тој три месеци на теренот го проучувал наведеното мормонско село во Јута. Истото го направил и при враќањето во Франција со проучувањето на селото Руерг во Јужна Франција. Подоцна А. Мандрас бил задолжен од УНЕСКО да помогне во создавањето на Центар за социолошки истражувања во Атина. Овој престој во Атина тој го искористил една година теренски да истражува шест села во Епир во кои биле забележливи живи траги од Отоманската империја.

Оттука, не е случајно што А. Мандрас и во неговото интервју *Структурите и динамиките на општествата*, што го објави списанието *Науките за човекот* (*Sciences Humaines*) и што се поместува во овој број на *Социолошка ревија*, ја нагласува теренската работа на социологот како доблесна. Имено, *една проблематика е социолошка во таа смисла кога таа има цел да ги одвои општествените структури, покажувајќи како овие структури се спротивставуваат или спротивно, се придружуваат на промените.* Овој вид *проблематика оди заедно со работа на теренот. Тоа е доблест на социологот* (подвлеченото П.Г.). Во таа смисла, тој е многу поблиску до етнологот, отколку до економистот".

Третата карактеристика од воодушевувањето на А. Мандрас од американските универзитети се состои во тоа што тој сметал дека тука го пронашол *моделот* на професијата социолог и тој по неговото враќање во Франција овој модел го пренел во Центарот за социолошки проучувања (Mendras, H., 1927-2003) и во наставата по социологија при Институтот за политички науки во Париз, каде што бил номиниран за вонреден професор на 29-годишна возраст. Во 1975 год. на Универзитетот Париз-X ја создава првата магистерска диплома по рурална социологија (diplôme de troisième cycle) (Mendras, H., 1927-2003).

Во времето на неговата мошне плодна дејност, тој создава, сам или во соработка, повеќе учебнички дела: 1. *Елементи на социологијата*, 2. *Општествената промена* (*коавтор Мишел Форсе*). 3. *Големите теми на социологијата од големите социолози* (*коавтор Жан Етјен*). 4. *Социологот и неговиот терен* (*коавтор Марко

*Оберти*). 5. *Како се станува социолог – спомени на еден Мандарин* (*Actes Sud*, Paris, 1995) (Токму во овој труд А. Мандрас ја прикажува сопствената социолошка маршрута на истражувач и универзитетски професор од почетокот на 50-тите до средината на 90-тите години на минатиот век, што претставува еден вид автобиографија), 6. *Големите автори во социологијата: Диркем, Маркс, Токвил, Вебер* (ед. Хетиер, 1996) (Овој труд А. Мандрас го напишал во соработка со Жан Етјен, што произлезе од претходната нивна соработка за трудот *Големите теми на социологијата од големите социолози*). Всушност, трудот *Големите автори во социологијата (Диркем, Маркс, Токвил, Вебер)* бил наменет како учебник за студентите по социологија. На тој начин сите овие учебнички дела, почнувајќи од *Елементите на социологијата* до *Големите автори во социологијата*, ќе станат врата (le sésame) кон дисциплината за две генерации студенти“ (Mendras, H., 1927-2003). Овде треба да се истакне дека од методолошка гледна точка меѓу четирите автори (Диркем, Маркс, Токвил и Вебер) двајца ги сметал за посебно важни за неговата социолошка постапка: Алексис Токвил – за неговата анализа на етнографскиот карактер на американската демократија и со *Стариот режим* (*l'Ancien Régime*) и Макс Вебер со неговата идеал-типска постапка што стреми кон апстракција на експликативен модел за целото општество (S. Allemand, 2000).

Колку е важна употребата на идеал-типската постапка (идеалните типови) во социолошките истражувања, А. Мандрас го покажува во повеќе негови трудови, не само од учебнички карактер (на пример, *Елементите на социологијата*), туку и во неговите истражувачки и теориски трудови. Така, во неговиот труд *Селските општества,* тој прво, под влијание на Роберт Редфилд, дава општа типологија на глобалните општества (дивјаштво, селски општества и индустриски), а потоа го изложува *идеалниот тип* на селските општества што ги карактеризираат пет белези: 1) релативна автономија на селските колективитети во однос на глобалното општество кое доминира над нив, но истовремено ја толерира нивната оригиналност; 2) структурална важност на домаќинската група во организацијата на економскиот и социјалниот живот на колективитетот; 3) економски систем на релативна автократија, што не разликува потрошувачка и производство и којшто одржува односи со глобалната економија; 4) локалниот колективитет што го карактеризираат односи на внатрешно меѓусебно познавање и слаби односи со околните колективитети и 5) решавачка улога на посредување на угледни личности меѓу селските колективитети и глобалното општество (Mandras 1986:13). Според А. Мандрас, овие пет белези меѓусебно се поврзани, го прават општиот модел или идеален тип со кој

се споредува конкретното селско општество што е предмет на проучување и колку тоа во себе содржи од овие карактеристични белези на идеалниот тип, а колку отстапува.

Анри Мандрас под влијание на Рејмон Арон предложи и идеален тип на еден друг тип цивилизација од онаа на селските општества, на старата некомунистичка *европска цивилизација*.[3] Тој неа ја карактеризира со четири суштински белези: 1) *Евангелистички и римски индивидуализам*; индивидуата е примарна, општествената група е секундарна и наменета да се задоволат потребите и желбите на индивидуата; 2) *Идејата на нацијата*: населена со зацврстени селани на земјата што ја поседуваат, Европа го помина патот од феудалниот премин во држава-нација, а од периодот на Карло Велики не го познава царството; Европа на нации се спротивставува на онаа на царствата; 3) *Капитализмот* измислен во XVI век се разви благодарение на индустријата и на посебниот однос меѓу науката и техниката што таа ја подразбира; 4) *Демократијата* или, поточно, владеење на мнозинството со почитување на правото на малцинството. Овие четири суштински карактеристики или четири столбови (како што ги нарекува А. Мандрас) се меѓусебно поврзани и тие се исклучителни во историјата на цивилизациите, претставуваат идеално типска конструкција или модел што тој подетаљно го опишува (Мандрас 2004: 10).

Овие четири се актуелни и значајни и за Република Македонија која се стреми кон интеграција во Европската унија. Ако се анализира позицијата на Македонија во однос на овие четири карактеристики на Западна Европа, може да се забележи дека Македонија пред војната во 2001 година и резултатот од неа („Охридскиот рамковен договор" и уставните промени) во основа ги исполнуваше речиси сите четири карактеристики. По овие настани и промени, таа се оддалечува од овие карактеристики на државите на Западна Европа, што за нејзината иднина има далекусежни негативни последици. Овде само се назначува проблемот што бара посебна продлабочена и аргументирана анализа, што не е цел на оваа статија.

---

[3] По објавувањето на книгата *Патување во земјата на селската (rustique)* утопија во 1979 год., А. Мандрас „ја напуштил руралната социологија *stricto sensu* за да се интересира за *промените* (трансформациите) на глобалното општество на европско рамниште. Оваа перспектива, навистина, созревала во неговиот дух петнаесетина години, под влијание на двајца луѓе на Просветата кои, според неговото мислење, се Рејмон Арон и Бертран де Жувенел. Можеби би требало да се потсети денешниот читател на големата граѓанска зовриеност (effervescence), која кон средината на шеесетите години повлече неочекувано приближување меѓу свештенството, реформираните високи службеници и пионерите на некомунистичката левица" (Henri Mendras, 1927-2003), *Etudes rurales*..., p. 2/3.

Меѓутоа, кога станува збор за методот на истражување на Анри Мандрас, него не го карактеризираат само пристапот, кој е претежно холистички, или, како што самиот го нарекува „глобалистички"; потоа, теренската работа и употребата на идеал-типската постапка коишто го доближуваат до приврзаниците на „методолошкиот индивидуализам", туку и неговото инсистирање и практикување на компаративната постапка и анализа, што е една од суштинските карактеристики на методот на „Големите автори: Диркем, Маркс, Токвил и Вебер" за кои тој заедно со Жан Етјен пишуваше, како и водењето сметка за идиосинкратноста (специфичните особини и разлики) на проучуваните општества и нивните различни рамништа.

Глобалистичкиот приод, компаративната постапка и анализа, како и анализата на специфичностите и разликите на испитуваните феномени во речиси сите трудови остануваат карактеристика и оригиналност на Анри Мандрас. Тој тоа експлицитно го истакнува во одговорот на едно од прашањата на *Науките за човекот* што се поместува во овој број на Социолошка ревија. *Мојата концепција (на социолошката постапка – П.Г.) остана иста. Уште во моите први трудови (компаративно проучување на селото Руерг и едно мормонско село, се определив како општ социолог; јас го набљудував општеството, било да се работи за селото; за француското општество или за европската цивилизација во неговата глобалност, односно настојувајќи да го разберам соодносот на различните димензии во ова општество: религиозноста, социјалната, културната, производствената итн. А токму тоа ја прави мојата оригиналност.*

Освен компаративното проучување на двете села (едното во САД, другото во Франција) и анализата на нивните разлики и специфични карактеристики, тој и во *Крајот на селаните* (1967), дело со кое стана познат не само во Франција, туку и во светски размери,[4] тој, меѓу другото опишувајќи ги техничко-економските промени дотогаш запоставени во истражувањата на селските општества, укажува на исчезнувањето на „селските цивилизации" во Франција и прогресивно појавување на руралното општество (трансформација на селаните во земјоделци, урбанизација на начинот на живот итн.). Анализата што суптилно и длабоко ја направи Анри Мандрас во ова дело, како и она што го предвиде – специфичните црти, и денес му се признава, така што ова дело „претставува класика во руралната социологија".[5]

---

4 *Крајот на селаните* е преведен на англиски, јапонски и кинески јазик.

5 Allemand S., „L' itinéraire d'un sociologue". en: *La sociologie...*, p. 224.

Неговиот труд *Селските општества* (1976) исто така претставува една компаративна анализа и панорама на селанството на Западна Европа и на државите во развој. Во овој труд, А. Мандрас пишува за селските општества, а не за едно селско општество. Тој одбележува, покрај другото, дека во различните историски и географски услови се развиле посебни, макар слични, селски култури, кои во текот на милениумското постоење ги одржале специфичните својства на нивната автохтоност. Исчезнувањето на селската цивилизација во Франција и пошироко во Западна Европа не означува нејзин крај во другите делови на светот. Напротив, А. Мандрас во ова дело и во интервјуто што се поместува пишува за нејзиниот подем во државите во развој по војната, во Кина и во другите азиски и африкански држави. Со ова дело, А. Мандрас ги постави теориските темели на руралната социологија.

По објавувањето на овие трудови, Анри Мандрас, како што наведува спомнатото списание *Etudes rurales,* бил поканет заедно со Жорж Видел да претседава со Комисијата чии заклучоци ја пренасочија земјоделската политика на Франција. Како што се потсетува на тоа Мишел Крозие, проектот за закон за земјоделска ориентација од 1994 год. бил посветен на оваа промена: „француското земјоделство помирува два императива: да се подобрат неговите перфоманси и неговата компететивност и да се одговори на општествената функција со одржување на руралниот простор, пејсажите и на културните остатоци од селата." Со ова се покажува дека Анри Мандрас не уживал само епистемолошки авторитет и бил омилен кај добар дел од своите колеги, туку и деонтолошки авторитет, компететно и успешно раководење со соодветни комисии и други институционални форми.

Во 1980 год., сè уште загрижен за тимската работа (навика што ја стекнал во САД со студискиот престој на Универзитетот во Чикаго), А. Мандрас, по барање на Жан-Мориел Жанеј, во кругот на Француската опсерваторија за економски конјуктури (ОФЦЕ) обедини група социолози под псевдонимот Луј Дирн (Louis Dirn), која, освен Мандрас, ја сочинувале: Мишел Форсе, Луј Шовел, Јаник Лемел, Жан Иг Дешо... Оваа група составила матрица на индикатори за социо-културните промени на француското општество. Врз таа основа, *Луј Дирн* изработи номенклатура од 60 тенденции за општествената промена, кои покриваат различни аспекти, како што се демографскиот развој, роднинските врски, начинот на живеење и потрошувачка, организацијата на работа итн. По публикувањето на неколку трудови што се однесуваат на француското општество, моделот повторно бил преземен од повеќе меѓународни тимови и матрицата на индикатори применета во други европски држави. Во

1988 год., А. Мандрас сам создава синтеза на трудовите кои се однесуваа на францускиот општество. Така настана неговиот труд *Втората француска револуција 1965-1984*.

По трудот на Жан Фурастие *Славните триесетти*, Анри Мандрас во трудот *Втората француска револуција* покажа дека Франција продолжува да се среќава со важни промени, како од социолошки, така и од демографски, економски аспект. Во ова дело и во поместеното негово интервју А. Мандрас ја демантира тезата на други социолози, според која Франција е блокирано општество (une societé bloquée).

Во 1990 год., по иницијатива на Рене Монори во рамките на Футуроскопот на Поатје, е создадена опсерваторија за општествена промена во Европа која имала цел *да ги конфронтира дијагнозите за проблемите на општеството во западноевропските држави*. За да се оствари оваа цел, А. Мандрас го анимира научниот комитет со италијанецот Алалдо Бањаско, англичанецот Винсент Рајт и Патрик Ле Гале. Трипати годишно Опсерваторијата организирала семинари на кои се собирале европски специјалисти за едредена проблематика и нивните резултати се публикувале. По излегувањето на неколку книги од семинарите на оваа опсерваторија, А. Мандрас го издал неговото последно големо дело *Европа на Европејците* (1997). На ова дело му претходел и трудот издаден во соработка со Доменик Шнапер (Schnapper) под наслов *Шест начини да се биде Европеец* (1990).

Во трудот *Европа на Европејците*,[6] од методолошка гледна точка е значајно да се одбележи дека авторот дава широка и длабока компаративна анализа на општествата на Западна Европа токму тргнувајќи од анализите на Опсерваторијата за општествената промена во Западна Европа. А. Мандрас овде ги опишува карактеристиките на европската цивилизација во исто време како и актуелните специфичности (идиосинкратноста) на нациите и регионите. Тој во овој труд не го одбегна и прашањето за глобализацијата, како што не го одбегна и одговорот на прашањето на *Науките за човекот* во споменатото интервју каде што тој експлицитно одговори што значи глобализацијата за Европа: *Мондијализацијата* е *сигурно принуда за актуелните европски општества. Тоа е стар феномен којшто се забрза во текот на овие последни години низ финансиската глобализација. Социологот, каков што сум јас, треба доследно да води сметка во своите анализи за европските општества како надво-*

---

[6] Овој труд е преведен на повеќе јазици, меѓу кои и на хрватски со Поговор на Владо Пуљиз. Насловот е малку изменет: *Europa i Europljani*, Ed. MASMEDIA, Zagreb 2004.

**Мондализација* е француски термин за глобализацијата.

*решна принуда... со ризик да добијам пресуда за марксистички настроен – што ретко ми го прават – јас ќе кажам дека еволуцијата на производствениот систем на светско рамниште доведе до европска конструкција*".

Од почетокот на своите проучувања на двете наведени села и со *Крајот на селаните*, па сè до *Европа на Европејците* тој доследно ја применува својата глобалистичка постапка (пристап), компаративната анализа и анализа на разликите и специфичностите на испитуваните општества – идиосинкратскиот аспект на истражувачката ориентација.[7]

Анри Мандрас, како што се истакнува во наведеното списание *Etudes rurales*, беше „човек за кого социологијата се врза за еден вид јавен сервис" и кој во центарот на проучувањето ја стави општествената промена, без разлика дали се работи за селските општества или за француското општество или за општествата на Западна Европа. Суштинската оцена што ја дава ова списание за Анри Мандрас е: Анри Мандрас е „прототип на ангажиран интелектуалец во неговиот век, но отпорен на побарувачка послушност, тој не беше како што се деклараше „универзитетски монден". На половина пат на американската емпириска социологија и на Алексис де Токвил, кому му беше еден вид следбеник – неговото дело, зацртано од грижата за теренот и од компаративизмот целосно е посветено на општествената промена. Всушност, Анри Мандрас, беше, како што тој со задоволство се определуваше, скептичен оптимист, независен, со слобода на целосниот дух, бунтовник против секаква мода. Срдечен, топол, колку директен, толку и срамежлив и малку речит за себеси; искреноста на неговиот карактер понекогаш доверуваше?? на неговите ставови извесна избувливост. Неговата широка култура, неговиот стил што не може да се имитира правеа од него, токму како и од неговиот пријател Ерик де Дампиер, аристократ во духот, залутан во XX век.".[8]

Оттука, проучувањето на неговото дело и неговата автобиографија како се станува социолог, односно запознавањето со негова-

---

[7] Идиосинкратноста е една од карактеристиките на квалитативната истражувачка алтернатива, што експлицитно ја наведува Мартина Хлади Риспал: „Квалитативниот истражувач се концентрира врз дескрипцијата на индивидуалноста за некој феномен, тој истражува за да го разбере проучуваниот предмет во неговиот контекст, во неговата *idiosyncrasie*. Сознанието не е повеќе дадено, тоа е феномен општествено конструиран: Rispal H.M., *La Méthode des cas*, De Boeck, Université, Bruxelles, 2002, p. 28.

[8] Henri Mendras (1927–2003), *Etudes rurales, Objets en crise, objets recomposés*: http:// etudesrurales.revues.org/document 2929 html.

та социолошка маршрута може да претставува инспирација и патоказ не само на идните социолози во Франција туку и пошироко, вклучувајќи ги тука и идните социолози во Република Македонија.

HENRI MENDRAS – THE SOCIOLOGIST-RESEARCHER OF THE SOCIETAL CHANGES

– On the of occasion of three years of his death –

SUMMARY

The sociological itinerary of Henry Mendras is interesting and in this paper it is shortly followed from the 1950es of the last century with his study stay at the Chicago University where he had become more thoroughly acquainted with the classical sociologists and the new theoretical trends in the sociology, with the fieldwork and the model of the profession of the sociologist. He had used his stay for three-month study of a Mormon village in Utah, and later, when he had come back to France, he had compared it with the studies of the Rueg Village. These studies had made possible the sketch of his works **The End of the Peasants** (1967) and **The Rural Societies** (1967) where in the centre of his studies he puts the changes and the transformation both of the rural societies and the millennium rural civilization. In that way he has become a founder of the rural sociology in France, Then, he turns to the studies of the changes of the French society in the period from 1965-1984 as well as of the changes of the Western European civilization. He is a researcher of the societal structures and its dynamics. Therefore, his societal procedure is predominantly holistic and globalistic (or "globalizing" as he marks it by himself), but based on a comparative analysis and ideal-typical procedure and emphasizing the specifics and differences of the phenomena studied.

ЛИТЕРАТУРА

Allemand S., 2000: „'L'itinéraire d'un sociologue'", во: *La sociologie (Histoire et idées)*, ed. Sciences Humains, Auxerre Cedex, p. 223/4.

Mandra A., 2001: *Osnovi sociologije*, CID/Univerzitet Crne Gore, Podgorica.

Mendras H., 2004: *Europa i Europljani, Sociologija Zapadne Evrope*, MAS-MEDIA, Zagreb,

Mendras H., 1986: *Seljačka društva*, Globus, Zagreb.

Mendras H. (1927-2003), *Etudes rurales, Objets en crise, objets recomposés.*

http://etudesrurales:revues.org/document 2929. html

Schnapper D., 1999: *La compréhension sociologique*, Presses Universitaires de France, Paris, pp. 39/40.

## СТРУКТУРИТЕ И ДИНАМИКИТЕ НА ОПШТЕСТВАТА

### Разговор со Анри Мандрас

*За авторот на **Крајот на селаните** сета умешност на социологот се состои да ги ослободи општествените структури, покажувајќи како се спротивставуваат или, напротив, како ја следат динамиката на општеството.*

***Науките за човекот**: Пред триесетина години, кога Вие го наговестивте крајот на селаните, оваа теза потоа беше и прифатена. Меѓутоа, дали сите последици од оваа револуција, според Вас, биле согледани?*

**Анри Мандрас**: Политичарите совршено ги согледале последиците од гледна точка на аграрната политика. Тие сфатија дека земјоделството беше сектор на производство што треба да стане колку е можно покомпетитивен. Од друга страна, политичарите не ги согледаа консеквенциите од револуцијата на политички план. Тие продолжуваат да ја преценуваат важноста не само на самите селани туку и на земјоделците во политичкиот живот. Јас знам добро дека повеќето избрани бројат една значителна пропорција на земјоделци во нивниот електорат. Социологот Бертранд Ервие (Hervieu) неодамна процени дека делот на гласачите директно или индиректно се наоѓа под влијание на земјоделците. Никој не игнорира дека земјоделските организации се најефикасни меѓу сите групи на притисок што постојат во Франција. Тоа покажува дека политичарите сè уште често се однесуваат така асимилирајќи го влијанието на земјоделците со она што можеби некогаш го имало селанството.

На планетарно рамниште добро не се согледа подемот на селските општества. Ако овие општества исчезнале во Западна Европа, и се на пат да исчезнат во другата Европа, тие, од друга страна, се прошириле во другите делови врз остатокот на планетата и особено кај општествата од аграрен тип. Сè повеќе африкански одгледувачи станаа селани. Во Кина и Индија има големи резервати во кои живее селанство, иако се работи за различно селанство од западното. Бројот на селани таму значително се зголеми во текот на последните пет децении.

***Науките за човекот**: Во повеќе наврати Вие потврдивте дека сте го изгубиле предметот на истражување заедно со исчезнувањето на селаните. Всушност, Вашите подоцнежни трудови Ве водеа повеќе кон проширување на Вашето поле на анализа: во француското општество; потоа и во европската цивилизација?*

**Анри Мандрас**: Прво, јас сум, впрочем, изненаден: кога во педесетите години (на минатиот, XX век – П.Г.) имав долг престој во Соединетите Американски Држави за проучување на мормонското село, јас не знаев дека подоцна ќе се посветам на компаративно проучување на макро-општествениот тип. Со дистанција и ова сукцесивно проширување на скалата на анализа ми се чини како да произлегува од компаративниот пристап. Анализата на исчезнување на француското селанство доведе природно до тоа да се анализираат поновите трансформации на француското општество. Преземањето на анализата од други европски и американски социолози што групата на Луј Дирн ја развиваше за француското општество ме доведе до анализа на западните европски општества.

Од *Селските општества* до *Европа на Европејците*, минувајќи преку *Втората француска револуција*, нема само сукцесивни промени на скалата. Преку овие три книги, најпосле елаборирав три теории кои соодветствуваат со три модели на општества: прединдустриски општества (*Селските општества*), индустриските општества (*Втората француска револуција*) и постиндустриските општества (*Европа на Европејците*), обидувајќи се секој пат да покажам како елементите на секој од моделите на општество опстојуваат и во општествата што следуваат. За време на два века, селските општества на Западна Европа коегзистираат со индустриските општества. Само во Англија индустриското општество повлече нагло да исчезне селското општество. Трите трудови почиваат, впрочем, врз истиот интелектуален пристап: компаративниот пристап преку работа на теренот. Во тоа, јас сметам дека тие образуваат трилогија.

***Науките за човекот**: Во Втората француска револуција, врз основа на проучувањата на групата на Луј Дирн, ги евидентиравте големите трансформации со кои француското општество се соочи меѓу 60-тите и средината на 80-тите години. Дали е уште многу рано да се издвојат новите подоцнежни тенденции?*

**Анри Мандрас**: Последните две години Луј Дирн работеше за да ги обелодени крајните тенденции од пред дванаесетина години. Она што сега може да се каже дека од бројот од шеесетина тенденции, што ние ги истакнавме во шеесеттите до седумдесеттите години, не се сите продолжени во осумдесеттите и деведесеттите години. Сето тоа се случуваше како да се работи за еден завршен циклус во средината на 80-тите години. Тоа е особено случај со тенденциите кои ја засегаат организацијата на трудот и односите на власта во француското општество. Од пред петнаесетина години сè уште имаше чувство за длабоки и трајни промени. Денес има повеќе чувство дека работите малку еволуирале. Без сомнение, тоа го прави влошувањето на вработеноста.

Истата констатација се однесува на општествените движења. Било да се работи за консумеризмот (потрошувачката), за феминизмот или за екологизмот, поголем број општествени движења кои изгледаа дека ја хранеле динамиката на француското општество меѓу 60-тите и 70-тите години (на XX век – П.Г.) се квазиисчезнати или се задушувани. Додека феминизмот е во средиштето на интензивни дебати од другата страна на Атлантикот, тоа е сведено на речиси ништо во Франција, барем како општествено движење. Навистина, имаше настани од декември 1995 година, но овие настани не го поттикнаа општественото движење споредливо со она што е набљудувано во минатото.

***Науките за човекот**: Најпосле, дали Вие би им дале право на оние кои сметаат дека француското општество е блокирано општество?*

**Анри Мандрас**: Апсулутно не. Таа идеја, омилена во периодот на 70-тите и 80-тите години меѓу француските социолози или американските набљудувачи, почива, според мене, врз погрешна процена. По педесетина години, француското општество неоспорно покажува способност за иновација. Фактот дека многу тенденции не би биле продолжени подалеку од средината на 80-тите години покажува само дека некоја револуција е завршена. Тоа не го исклучува развитокот на другите тенденции.

Главниот факт на овие последни години е реструктуирање на општествената нееднаквост. Пред петнаесетина години, со испитувањата на Луј Дирн се покажува намалување на општествената нееднаквост. Ова го потврдуваат и други испитувања. Потоа сме сведоци на една реконструкција на општествената нееднаквост според покомплексни форми. Разликите меѓу старосните категории стануваат важни дури и по важни од класната нееднаквост. Нееднаквоста меѓу половите, за која се сметаше дека исчезнува, и понатаму опстојува, односно повторно се појавува. Истата констатација се однесува на регионалната нееднаквост, каде што веројатноста да се биде или не невработен е зголемена.

Ако училишниот систем придонел за општествената подвижност за време на Славните триесетти и Втората француска револуција, изгледа од сега наваму се сведува врз репродукција на општествената нееднаквост. Мојата констатација е повеќе нијансирана во однос на Државата: ако Државата не успева да ги поттикнува промените како за време на Славните триесетти, таа сочува барем извесна способност за обновување на иновациите на цивилното општество. Таков е случајот со екологијата со создавање на Министерство за животна средина, уште во седумдесеттите години, и денес присуството на екологистите во владата. Оваа способност на државата за

согледување на општествени барања останува особеност на францу-ското општество.

***Науките за човекот:*** *Секогаш во Втората француска револуција Вие ја истакнувате движечката улога на некои општествени групи во подем. Сега кои општествени групи би ја имале оваа функција?*

**Анри Мандрас**: Јас гледам две групи. На прво место младите пензионери кои имале статус на функционери (службеници) во нивниот професионален живот и кои ги создале Славните триесетте години и Втората револуција. По повеќе години на интензивна професионална активност тие имаат потреба на создавање на животен стил. Во отсуство на секој референтен модел, тие се во тек на создавање на таков живот за идните генерации. Така, ми се чини дека тие се движечка група во денешното француско општество. Во другата група, која ми се чини како да игра важна улога, спаѓаат средните службеници, советници на претпријатија, книговодители, техничари итн. Нивната експанзија беше поттикната со децентрализацијата. Тие, исто така, добро еволуираа во приватниот сектор, како и во јавниот (во општините, во регионалните совети...) или во парајавниот сектор (во трговските и индустриските комори), тесно поврзани со светот на малите и средни претпријатија. Се работи за една група сè уште недоволно дефинирана, која сè уште не го ужива традиционалното признавање на дипломираните на високите школи (Grandes écoles). Мнозинството од овие средни слоеви се формирани масовно или во рамките на помалку престижни специјализирани училишта. Меѓутоа, нема сомнение дека нивната компетентност и улогата во општеството ќе го добијат заслуженото признание.

Младите пензионери како среден слој ги претставуваат трите карактеристики на движечката општествена група таква каква што јас ја дефинирав. Од една страна, тие се во голема експанзија, а, од друга страна, тие имаат заедничка идеологија; најпосле, тие се во нерамнотежа во онаа смисла во која тие не влегуваат во традиционалните структури.

***Науките за човекот:*** *Во рамките на Европската опсерваторија за општествена промена, Вие ги анализиравте конвергенциите на европското општество. Во светлината на овие компаративни проучувања, што, според Вас, може да го попречува процесот на европска изградба, или спротивно, што може да го поттикнува?*

**Анри Мандрас**: Тоа што ме изненади како социолог, тоа е крајната различност на Западна Европа. Каков однос може да постои меѓу единството на она што претставува вистинска цивилизација – Западна Европа – и фрапантната (големата) различност која постои не само меѓу нациите туку и во рамките на секоја од европ

ските нации? Тоа е она што јас се нафатив да го истражувам во еден друг труд кој истовремено означува ново рамниште на анализа: *Европа на Европејците*. Сега веќе се прифаќа фактот дека европската изградба е поволна за засилување на регионите и нивната различност.

За социологот секој проблем е да се знае како се врши поврзувањето меѓу заедничката политика кон единствен пазар и различноста на структурите и општествените практики. Спротивно на она што некои го мислат, различноста не ѝ е пречка на европската изградба. Колку и да изгледа парадоксално, оваа изградба ја зацврснува различноста.

***Науките за човекот***: *Во поновите проучувања, Вие ја истакнавте различноста на формите на капитализм и на феномените на конверѓенција кои владеат во западните економии. Дали овие феномени го потврдуваат постоењето на она што е договорено да се нарекува мондализација (глобализација)?*

**Анри Мандрас**: Глобализацијата е сигурно принуда за актуелните европски општества. Тоа е стар феномен којшто се забрза во текот на овие последни години низ финансиската глобализација. Сите специјалисти се согласуваат во тој поглед. Социологот каков што сум јас треба доследно да води сметка во своите анализи за европските општества како надворешна принуда. Конкретно, не би било сериозно да се анализира, на пример, функционирањето на индустриските подрачја од трета Италија без упатување на светскиот пазар, дури иако Европа е нејзин главен излез. Според многу гледишта, создавањето заеднички Пазар се појавува како запишано во развојот на капиталистичкиот западен систем кој има потреба од перманентно проширување на пазарите. Европските нации не се повеќе адаптирани на скалилото на развој на мултинационалните фирми. Дури и малите претпријатија имаат потреба од пазар од европска димензија. Со ризик да добијам приговор за марксистички настроен – што ретко ми го прават, јас ќе кажам дека еволуцијата на производствениот систем на светско рамниште доведе до европската конструкција.

***Науките за човекот***: *Анализата на селските општества, тенденциите на француското општество, компаративното проучување на европските општества – во која мерка ова сукцесивно проширување на полето на анализа ја измени вашата концепција за социолошката поставка?*

**Анри Мандрас**: Мојата концепција остана иста. Уште во моите први трудови (компаративното проучување меѓу едно село Руерг и едно мормонско село) се определив како општ социолог: јас го набљудував општеството било да се работи за селото; за француското

општество или за европската цивилизација во неговата глобалност, односно настојувајќи да го разберам соодносот на различните димензии во ова општество: религиозната, социјалната, културната, производствената итн. А токму тоа ја прави мојата оригиналност. Повеќето социолози од мојата генерација беа определени за поспецијализирана социологија: социологија на религијата, социологија на трудот, социологија на организациите итн.

***Науките за човекот**: Со други зборови, Вие ја браните мултидисциплинарната концепција?*

**Анри Мандрас**: Не сосема, би рекол повеќе глобализирачката постапка. Мултидисциплинарноста добива смисла само во однос на дисциплината. За социологот, мултидисциплинарноста се состои во мобилизирањето на другите дисциплини според проблематиката која останува и самата социолошка. Ништо не го спречува економистот или политикологот да го прави истото. Една проблематика е социолошка во таа смисла кога таа има цел да ги одвои општествените структури, покажувајќи како овие структури се спротивставуваат, или спротивно, се придружуваат на промените.

Овој тип проблематика оди заедно со работа на теренот. Тоа е доблест на социологот. Во таа смисла, тој е многу поблизу до етнологот отколку до економистот. Оваа работа на теренот се состои во систематско опишување на карактеристичните елементи на едно општество или, на пример, во случајот на едно земјоделско село: искористувањето на земјиштето, неземјоделските професии, катастарот, демографските однесувања итн. Потоа доаѓа детално проучување на податоците. Сета вештина на социологот е да им даде значење одвојувајќи ги општествените структури. Откако ќе го постави својот експликативен модел, тогаш тој треба уште да го соочи со реалноста за да ја провери валидноста или да го усоврши.

***Науките за човекот**: Како и во другите дисциплини на општествените науки, така и во социологијата се манифестира спротивставеноста меѓу структуралниот или холистичкиот пристап и пристапот кон индивидуата. Како се позиционирате Вие во поглед на оваа дебата?*

**Анри Мандрас**: Првите рурални проучувања во кои јас учествував истакнаа одредени структури. Со ова, тие можеа да бидат запишани во холистичка опција. Но, истовремено, тие се потпираа на индивидуите (раководителите на обработката на земјиштето, селскиот кмет или одборникот во селото итн.). Во тоа тие ги илустрираа пристапите со зборови на актери и со стратегии, сега во мода во општествените науки воопшто и во социологијата посебно. Со дистанција јас морам да признам дека влијанието на структурализмот и на марксизмот беше силно. Првите рурални проучувања имаа тен-

денција да им дадат многу значење на тежината на структурите. Затоа, истражувачките студии за еволуцијата на француските села честопати се покажаа погрешни и голем дел од нив го имаа потценето стратешкиот капацитет на селата. Тие имаат една реална способност за приспособување; тие знаеле да се адаптираат на нов производствен систем за да ги одржат нивните општествени структури.

Често ми се приговара дека сум „архаичен структурален функционалист“ со претензија дека сум привrзеник на редукција на општествата што ги проучував во непроменливи модели. Тоа беше направено за да се дискредитирам. Одвојувајќи ги структурите, мојата грижа е да покажам како тие реагираат на промените, односно што доведува до овие промени. Јас секогаш сметав дека моделите служат најпрво да се разбере динамиката на едно општество. Јас ја објаснив мојата визија за постапката на социологот во серијата од четири учебници по социологија што ги издадов.

Преземено од книгата:
*La Sociologie, Histoire etidées*, Editions *Sciences Humaines,* Auxerre Cedex, 2000, pp. 223-232.

Превод од француски:
Петре Т. Георгиевски

*Приредено од:*
Силвиан Алман

(Sciences Humaines, No. 76, Octobre 1997)